РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
ПАВЕЛ ШАТЕВ
Бр. 02-492/5
СКОПЈЕ
27.11.2023год

Врз основа на член 11, став 1, алинеја 1 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 129/2023), Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 27.11.2023 година, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА КОНТИНУИРАНА ОБУКА

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување
### Член 1

Со овој Правилник се уредува начинот на реализација на задолжителната и доброволната континуирана обука, како и правата и обврските на предавачите и учесниците во континуираната обука, во врска со учеството, подготовката, спроведувањето и евалуацијата на обуката.

### Општа цел на континуираната обука
### Член 2

Континуираната обука има за цел постојано стручно усовршување на теоретските и практичните знаења и вештини заради стручно и ефикасно вршење на судиската и јавнообвинителската функција, функцијата претседател на суд и јавен обвинител на јавно обвинителство, како и на судиите-поротници, стручните служби во судството и јавното обвинителство и субјектите кои учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството.

### Значење на доживотното учење согласно домашни и меѓународни акти
### Член 3

(1) Професионалната способност на судиите и јавните обвинители треба да се стекне, одржува и редовно да се збогатува и зајакнува преку континуираната обука која е важен елемент за заштита и гаранција на независноста на судиите и јавните обвинители, како и на квалитетот и ефикасноста на правосудниот систем.

(2) Правото и обврската за постојано стручно усовршување, освен во Законот за судовите и јавните обвинителства, е содржана во бројни

меѓународни акти меѓу кои и Бенгалорските начела и Големата повелба на судиите, кои ја регулираат обврската за доживотно учење на судиите и јавните обвинители, кои се должни да го одржат и унапредат своето знаење, вештини и лични квалитети неопходни за правилно извршување на должноста, искористувајќи ги расположливите обуки. Судиите и јавните обвинители треба да се информираат за релевантните случувања на меѓународното право, вклучувајќи ги и меѓународните конвенции и други инструменти за воспоставување норми за човекови права.

(3) Цел на обуката е зајакната доверба на граѓаните во судството преку сеопфатни знаења на судиите и јавните обвинители, кои се протегаат и надвор од областите на правото, доколку истите поседуваат лични вештини и разбирање кои ги оспособуваат соодветно и со внимание да постапуваат со случаите и со лицата вклучени во нив.

(4) Независноста на судството и јавното обвинителство, на судиите и јавните обвинители, освен правата кои се однесуваат на самостојност во одлучувањето, им наложува и етички обврски, како што е обврската својата работа да ја вршат професионално и совесно, за што е потребна обука.

**Посебни цели на континуираната обука за одделните целни групи**

**Член 4**

(1) Континуираната обука на судиите и јавните обвинители се спроведува заради усовршување и проширување на нивните знаења и стручност при вршењето на судиската и јавнообвинителската функција, јакнење на нивната независност и интегритет, како основен предуслов за владеење на правото, за заштита на човековите права и слободи, понатамошно усовршување на судиските и јавнообвинителските умешности при вршење на нивната работа, успешна примена на етичките принципи при вршење на нивната работа, создавање на транспарентно, праведно и ефикасно правосудство, засновано на меѓународните стандарди за фер и правично судење, како и јакнење на довербата во правосудството.

(2) Континуираната обука на претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства има за цел развивање на нивните оргнизациски, менаџерски способности, планирање и реализација на буџет, односи со јавност и други работи од нивна надлежност утврдени со закон, транспарентност и отчетност.

(3) Континуираната обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство се спроведува заради стекнување и унапредување на знаењата потребни за квалитетна стручна и техничка поддршка и помош на судиите и јавните обвинители во нивната секојдневна работа.

(4) Континуираната обука на субјектите кои учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството има за цел унапредување на нивното знаење и професионалните вештини заради ефикасно извршување на работните обврски во подготовка и спроведување на законите од областа на правосудството.

### Член 5

(1) Академијата ја организира континуираната обука самостојно и во соработка со домашни и странски партнери.
(2) Континуираната обука може да биде задолжителна и доброволна.

### Задолжителна континуирана обука
### Член 6

(1) Континуираната обука е задолжителна за судиите, јавните обвинители, претседателите на судовите, јавните обвинители на јавните обвинителства и судиите-поротници.
(2) Задолжителната континуирана обука се спроведува врз основа на Општа програма за континуирана обука и Специјализирана програма за задолжителна континуирана обука.

### Времетраење на задолжителната континуирана обука
### Член 7

(1) Времетраењето на задолжителната континуирана обука се изразува во денови.
(2) Како ден на обука се смета обука во траење од најмалку шест наставни часа од по 45 минути, под услов на непрекинато учество на обуката.
(3) Во околности кои не дозволуваат одржување обука со физичко присуство, онлајн обуките можат да траат помалку од 6 часа.
(4) Новоизбраните судии во основните судови и новоизбраните јавни обвинители во основните јавни обвинителства се должни, по нивниот избор, да посетуваат интензивна континуирана обука во траење од пет дена, што се спроведува врз основа на специјализирана програма за задолжителна континуирана обука, усвоена од Програмскиот совет и Управниот одбор на Академијата.
(5) Обуката од ставот 4 на овој член се организира и спроведува по изборот на определен број судии во основните судови, односно јавни обвинители во основните јавни обвинителства, доволен за формирање на ефективна група за обука.
(6) Содржината и методологијата на обуката од ставот 4 на овој член се уредуваат со Специјализираната програма за задолжителна континуирана обука.

(7) Новоизбраните судии-поротници се должни, по нивниот избор, да посетат една обука што се спроведува врз основа на Специјализирана програма за обука на судии-поротници, која се донесува по потреба.

**Континуирана обука на судии и јавни обвинители, претседатели на судови и јавни обвинители на јавни обвинитлества**

**Член 8**

(1) Во текот на една календарска година, судиите и јавните обвинители, во согласност со остварениот стаж, имаат обврска да остварат најмалку:

- до три години судиски, односно обвинителски стаж – десет дена обука дополнително од деновите обука наведени во членот 7, став 4 од овој Правилник;
- три до осум години судиски, односно обвинителски стаж - шест дена обука;
- од осум до петнаесет години судиски, односно обвинителски стаж - четири дена обука;
- над 15 години судиски, односно обвинителски стаж - два дена обука.

(2) Дополнителниот број денови обука од ставот 1, алинеја 1 на овој член, новоизбраните судии и јавни обвинители го остваруваат со пријавување на обуки предвидени во годишниот каталог на активности на Академијата, според видот на материјата на која се распоредени во судовите, односно јавните обвинителства.

(3) На лицето кое подолг временски период користело боледување или функцијата му била во мирување, обврската за исполнување на бројот на задолжителен број денови ќе му се засметува пропорционално на отсуството.

(4) Претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства имаат обврска во 1 календарска година да учествуваат на најмалку две специјализирани обуки, во согласност со Општата програма за континуирана обука и годишниот Каталогот на активности на Академијата.

(5) Времетраењето на континуираната обука на судиите и јавните обвинители почнува да се пресметува на почетокот на календарската година и се определува според целната група на која тие ќе ѝ припаѓаат на првиот ден од тековната календарска година.

**Доброволна континуирана обука**

**Член 9**

(1)Корисници на континуираната обука, која е доброволна, се стручните служби во судството и јавното обвинителство, судиите-поротници, административните службеници во Министерството за правда кои работат на подготовка и извршување на законите од областа на правосудството и други субјекти, кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството.

(2)Доброволната континуирана обука се спроведува врз основа на Специјализирана програма за доброволна континуирана обука.

### Специјализирана програма за доброволна континуирана обука

### Член 10

(1) Специјализираната програма за доброволна континуирана обука на стручните служби во судството и јавното обвинителство, како и за субјектите што учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството се изготвува во согласност со одредбите од Статутот на Академијата, а врз основа на сеопфатна оценка на потребите за обука од членот 13 од овој Правилник.

(2) Специјализираната програма за континуирана обука се донесува за време од две години и претставува рамка за наставната содржина опфатена во каталогот на обуки. Програмата, по потреба, може да се донесе и за време од една година, заради следење и усогласување со измените во законските прописи.

(3) Покрај учеството на обуки по програмата и каталогот од ставот 1 и 2 на овој член, стручните служби во судството и јавното обвинителство, како и административните службеници во Министерството за правда, слушателите од почетната обука и други субјекти кои учествуваат во спроведувањето на законите од областа на правосудството, можат, на покана на Академијата, да учествуваат и на обуки предвидени во Каталогот на активности изработен во согласност со Општата програма за континуирана обука на Академијата.

### Систем за управување со квалитетот на континуираната обука

### Член 11

(1) При подготовка, изработка и спроведување на сите програми за континуирана обука, се применува Системот за управување со квалитет (СУК) во Академијата за судии и јавни обвинители (ISO 9001:2015), кој опфаќа униформен систем на стандарди во поглед на политиките, постапките и методологијата за ефективно менаџирање и реализација на активностите и работните процеси во Академијата.

(2) Целта на процедурите за квалитет при реализацијата на континуираната обука е: стандардизација и подобрување на постапките и праксите во поглед на стручните и техничките аспекти на сегментите на организација и дизајн на обуката, подготовката и спроведувањето, методологијата, наставните методи и техники, наставниот материјал, надзорот и евалуацијата, како и документирање и интегрирање на овие процеси во информатичкиот систем на управување.

### Содржина на програмите за обука

### Член 12

(1) При одредување на содржината на програмите за обука се води сметка да бидат застапени релевантните правни области, препораките кои доаѓаат од страна на ЕУ, но и пошироко за актуелни теми од областа на правото и општествените теми, особено за:

- улогата на судијата и јавниот обвинител во општеството, заради јакнење на довербата кон судството;

- интегритетот и етиката;

- националното право и неговата примена по области, вклучително и законските новели;

- правото на Европската Унија и меѓународното право,

- вештини во остварувањето на правосудната функција и правната аргументација;

- таканаречени„меки вештини" коишто вкучуваат: меѓучовечки односи, комуникациски вештини, способност за слушање на соговорник, непристрасност, емпатија, управување со време, решавање на проблеми, лидерство, односи со медиуми и слични.

(2) Целта на оваа содржина е целните групи да се стекнат не само со правни знаења и способности за практична примена на законите, туку и унапредување на професионалните вештини и способности за сфаќање на социјалната димензија на професијата, како и способност за примена на меѓународната перспектива на правото.

**Оценка на потребите за обука**

**Член 13**

(1) Процесот на анализа, оценка и дефинирање на потребите за обука на целните групи се врши заради утврдување на содржината и методологијата на континуираната обука за наредниот период, со цел да се обезбеди актуелност, квалитет и ефективност на програмите за обука и на тој начин унапредување на знаењето, практичните вештини, ставовите и вредностите на судско-обвинителската професија и професиите на останатите целни групи.

(2) Постапката за оценка на потребите за обука се врши во согласност со правилата на СУК и се спроведува еднаш годишно, како основа за изготвување и ажурирање на програмите за континуирана обука и Годишниот каталог на обуки, а по оценка на раководството на Академијата може да се спроведе и повеќепати во текот на годината, заради собирање и користење на информации за дополнително утврдени потреби за обука.

(3) Претходното консултирање и прибирање на мислења и потреби на судиите, јавните обвинители и другите корисници на услугите на Академијата го спроведува Службата за стручно-технички работи на Академијата, а сумираните податоци ги зема предвид Програмскиот совет, кој е одговорен за креирањето на програмите.

(4) За потребите на изготвувањето на програмите и каталогот од ставот (2) на овој член, се консултираат и се бараат мислења и предлози и од предавачите на Академијата, како и од институциите претставени во Управниот одбор на Академијата, судовите, јавните обвинителства, професионалните здруженија на судиите и јавните обвинители, правните факултети, државните органи и институции со кои Академијата соработува во остварување на обврските што

произлегуваат од приоритетите на Република Северна Македонија во поглед на правосудството во делот на обуките, професионалните комори и други релевантни институции и организации.

(5) Извори на информации за анализата на потребите за обука се и резултатите од евалуациите на спроведените обуки во Академијата во тековната година, годишните извештаи на Судскиот совет на РСМ и Советот на јавните обвинители на РСМ, Врховниот суд на РСМ и Јавното обвинителство на РСМ, на судовите и јавните обвинителства, домашната судска пракса и одлуките на ЕСЧП во однос на Република Северна Македонија, извештаите на Министерството за правда и другите министерства, Секретаријатот за европски прашања, извештаите на Европската комисија и релевантни меѓународни организации во поглед на правосудството, како и непосредните сознанија на органите на Академијата, раководството и стручната служба од контактите со корисниците на услугите, а можат да се користат и извештаи од спроведени анализи за задоволството на корисниците на судските услуги и проценка на потребите за обука.

## II Реализација на континуираната обука

### Општа програма за континуирана обука

### Член 14

(1) Општата програма за континуирана обука на судиите и јавните обвинители, претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства се изготвува во согласност со одредбите од Статутот на Академијата, а врз основа на сеопфатна оценка на потребите за обука од членот 13 од овој Правилник.

(2) Општата програма за континуирана обука се донесува за време од две години, а врз основа на неа се усвојува годишен каталог на обуки.

(3) Програмата, по потреба, може да се донесе и за време од една година, заради следење и усогласување со измените во законските прописи.

### Каталог на обуки

### Член 15

(1) Врз основа на Општата програма за континуирана обука, Академијата најдоцна до крајот на декември подготвува Годишен каталог на обуки за наредната година, имајќи ги предвид расположливите финансиски средства од одобрениот годишен буџет и другите законски извори на финансирање, човечките ресурси и објективните можности на Академијата, како и потребата од непречено одвивање на работата на целните групи и нормално функционирање на судовите и јавните обвинителства.

(2) Со каталогот од ставот 1 на овој член се запознава Управниот одбор на Академијата на првата седница по изготвувањето, а потоа се доставува до

судовите, јавните обвинителства, како и до Судскиот совет на РСМ, Советот на јавните обвинители на РСМ и до Министерството за правда на РСМ, во електронска форма и се објавува на веб-страницата на Академијата.

(3) Каталогот задолжително ги содржи следните податоци: датумот и местото на одржување, областа и темата на обуката, целната група за која е наменета, организаторот, коорганизаторот и забелешка за карактерот на обуката.

(4) Годишниот каталог се подготвува на начин што овозможува целните групи да ги усогласат своите редовни работни обврски со обврската за обука, но остава простор и можност за организирање и на дополнителни обуки според потребите на целните групи, приоритетите на РСМ за обука на правосудството, измените во легислативата, како и соработка на нови проекти, било со домашни или странски партнери.

(5) Доколку одделни елементи во врска со организација на одделна обука не се познати во времето на испраќањето на каталогот (точен датум, место на одржување), тие ќе бидат доставени на запознавање преку писмен електронски допис до целната група за која е наменета обуката по нивно утврдување од страна на Академијата.

(6) За секоја измена и дополнително вклучена обука во Каталогот, Академијата има обврска навремено да ги извести целните групи за кои е наменета обуката.

### Подготовка за реализација на обуките

### Член 16

Подготовката за реализацијата на обуките опфаќа активности во правец на одредување на предавачите и предавачките тимови за секоја наставна област и тема, водејќи сметка за избор на најквалификувани и најдобро подготвени предавачи за односната тема, во согласност со нивната специјализација и дотогашната евалуација и потребите на целните групи и други активности од организациски аспект, како обезбедување соодветни просторни и технички услови за одржување на обуката.

### Начин и методологија на реализација на обуките

### Член 17

(1) Обуките во рамките на континуираната обука се реализираат преку: семинари, конференции, советувања, стручни расправи, работилници, тркалезни маси, симулации, учење од далечина, хибридно учење, размена на учесници, студиски престои и други облици на едукација.

(2) Со оглед на траењето, одделните обуки можат да бидат еднодневни, дводневни или повеќедневни.

(3) Заради интердисциплинарност на обработката и презентацијата на конкретната тематика, на обуките, во зависност од темата, покрај судиите и јавните обвинители, се поканувaат и претставници од Министерството за правда,

другите министерства, другите државни органи и институции што ги подготвуваат и учествуваат во спроведување на законите од областа на правосудството, како и претставници на другите правни професии како адвокати, нотари, извршители, медијатори, прекршочни комисии, невладини организации и други.

Член 18

(1) Обуките, во зависност од карактерот, бројот на учесниците и други организациски потреби (локација, големина на просторија, опрема, осветлување, број на седишта, акустика и слично), се одржуваат во просториите на Академијата, салите во судовите, јавните обвинителства, Министерството за правда или други адекватни простории и конференциски сали.
(2) Обуките се одржуваат во работното време, во работни денови, но поради непречено одвивање на судењата и редовните судски и обвинителски активности, односно непречено одвивање на работата на судовите и јавните обвинителства, според можностите, ќе се изведуваат и во работни денови попладне и во сабота.
(3) Академијата е должна, во координација со лицата кои раководат со објектот каде што се одржува обуката, да обезбеди просторија што одговара на потребите за одржување на обуката и има соодветна опрема за изведување на обуката на модерен и ефикасен начин („Пауерпоинт“, компјутер, флипчарт, проектор и сл.).

**Децентрализиран пристап на обуките**

Член 19

(1) Академијата ги спроведува обуките во седиштето на Академијата во Скопје и децентрализирано, на регионален принцип, по подрачјата на апелациските судови и јавните обвинителства, водејќи сметка за бројот на учесниците од одделен регион, како и потребата од ефикасно, рационално и економично користење на ресурсите.
(2) Слушателите на континуирана обука со живеалиште различно од местото на обука, имаат право на надоместок за реално направените патни трошоци, утврдени со акт на Академијата.

**Поддршка на Академијата во обуките**

Член 20

(1) Претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства, определуваат координатор за обука или лице за контакт со Академијата, кои се грижат за реализација на обуките, односно навремено пријавување и

откажување на учесниците на обуки и оптимално посетување на обуките од програмите за обука на одделните целни групи.

(2) По барање на Академијата, лицето за контакт известува за сите промени во годишниот распоред на судиите и јавните обвинители, како и во случај на нивен премин од еден во друг оддел или суд заради ажурирање на податоците.

(3) Академијата и од другите органи, институции и организации со кои соработува во спроведувањето на обуките бара поставување на лица за контакт, заради логистичка и стручна поддршка за реализација на обуките.

(4) Академијата води и ажурира листа на координатори за обука или лица за контакт со Академијата.

### Организација на обуките со домашни и странски партнери

### Член 21

(1) Академијата ги организира обуките самостојно или во соработка со домашни и странски партнери преку проекти, твининг-програми и билатерални и мултилатерални договори.

(2) Соработката за организација на обуките подразбира соработка, координација и усогласеност во подготовката на проектот, изборот на домашните или странските предавачи, датумот и местото на одржување, подготовка на програмата и наставните материјали за обуката.

(3) Академијата одржува редовни состаноци со претставниците на домашните и странските организации и проекти заради навремено пријавување на интересот за организирање обуки од одредена област и изготвува план за обуки со проектите за наредната година, заради нивно навремено вклучување во Годишниот каталог на обуки.

(4) Во денови на обука, на учесникот му се пресметуваат и обуките организирани од други органи, организации и асоцијации (Министерството за правда, факултетите, Здружението на судии на Република Северна Македонија, Здружението на јавните обвинители на Република Северна Македонија, Адвокатската комора и сл.), доколку тоа е однапред договорено помеѓу Академијата и односните субјекти за конкретната обука и селектираните учесници и предавачи или доколку Академијата ги номинирала да учествуваат на обуките.

(5) Во денови на дополнителна обука се пресметува обуката во странство на која учесникот е испратен од страна на Академијата, според приложената програма и добиениот сертификат (доколку таков е поделен од страна на организаторот) и доколку ги исполнил обврските од членот 40 од овој Правилник.

## III ПРЕДАВАЧИ

### Член 22

(1) Предавачите се стручни лица кои непосредно ги спроведуваат програмите за почетна и континуирана обука и истите можат да бидат предавачи на Академијата и предавачи по потреба.

(2) Предавачи на Академијата можат да бидат домашни и странски судии, јавни обвинители и универзитетски професори, како и адвокати, нотари, медијатори, извршители, раководни и други искусни административни, судски и јавнообвинителски службеници и стручни лица кои имаат докажано искуство во области опфатени со програмите за обука во Академијата, кои ги исполнуваат условите од членот 24 од Законот.

**Член 23**

(1) Предавачи во областа на континуираната обука можат да бидат членовите на Управниот одбор и нивни заменици, директорот и заменикот на директорот, без надоместок.

(2) Предавачите од ставот 1 на овој член можат да добиваат надоместок за изготвувањето на наставниот материјал, одржаните предавања и други активности потребни за реализација на одреден настан само доколку настанот го реализира Академијата во соработка и со финансиска поддршка на странски проект, од чиишто финансиски средства ќе се исплаќаат наведените надоместоци во целост, вклучувајќи го персоналниот данок на доход.

**Обука на предавачите**

**Член 24**

(1) Предавачите на Академијата, пред за прв пат да почнат со дејноста предавач на Академијата, задолжително треба да посетат обука за предавачи, организирана од страна на Академијата, со исклучок на предавачите кои доаѓаат од високообразовни установи, во согласност со членот 24, став 6 од Законот и членот 23, став 2 од Статутот.

(2) Академијата ги организира обуките за предавачи самостојно или во соработка со домашни и странски партнери и проекти.

(3) Академијата води евиденција за одржаните обуки за предавачи, за кои задолжително издава сертификати за помината обука, како и евиденција на наставните материјали кои се достапни на сите предавачи, заради одржување и надградување на наставните материјали и вештини.

## Права и обврски на предавачите во континуирана обука

## Член 25

(1) Предавачите навремено се известуваат за термините на одржување на обуките за кои Академијата планира да ги ангажира, за теми од нивната специјалност, најдоцна еден месец пред предвидениот термин.

(2) Предавачот или предавачкиот тим има обврска најдоцна 1 работна недела пред одржувањето на обуката, во соработка со вработен од Академијата од службата за стручно-технички работи, одговорен за организација на конкретната обука, да подготви програма за обуката на образец изработен од Академијата, што ги содржи следните елементи: форма и назив на обуката, време и место на одржување, целните групи, краток преглед и цел на обуката, назначување на предавачите, легислативата и наставните материјали кои ќе бидат презентирани, како и распоредот на темите и нивното времетраење.

(3) Покрај подготовката на програмата, предавачот/предавачкиот тим има обврска да:

- изработи наставен материјал за обуката, вклучително визуелен материјал (презентација), работни листови за практични вежби и студии на случај од домашната и особено меѓународната пракса на ЕСЧП и ЕСП, законски и други референтни текстови;
- квалитетно да ја спроведе обуката;
- да биде присутен за целото времетраење на обуката, особено ако се спроведуваат обуки за нови закони или суштински измени на материјалните и процесните закони;
- при предавањата треба да бидат користени модерни наставни техники за работа во мали групи, симулации и слично за да се поттикне активното учество на учесниците на обуката;
- да подготви извештај со заклучоци за реализираната обука.

(4) Организаторот на обуката е должен, во непосредна комуникација со сите ангажирани предавачи на конкретната обука, да учествува во осмислувањето на обуката, креирањето на програмата, наставните материјали и донесувањето одлука кои од материјалите ќе бидат споделени со учесниците пред одржувањето на истата.

(5) Наставниот материјал од ставот 3, алинеја 1 на овој член предавачот/предавачкиот тим има обврска да го достави до Академијата најдоцна една работна недела пред одржувањето на конкретната обука, во договор со организаторот на обуката.

(6) Наставниот материјал од ставот 3, алинеја 1 на овој член предавачите го предаваат на користење на библиотеката на Академијата и тој им е достапен на целните групи, така што се обезбедува целосна идентификација на авторот на материјалот и на неговата оригиналност.

(7) Се претпочитаат работни материјали кои се развиле во партнерство со Академијата.

### Логистичка поддршка на предавачите
### Член 26

(1) Академијата има обврска, преку вработен од службата за стручно-технички работи, одговорен за конкретна обука, навремено да го потврди учеството на предавачите за нивното ангажирање за конкретната обука и тоа најмалку две недели пред датумот на одржување на обуката.

(2) Академијата, за соодветната обука, на предавачите им ја става на располагање потребната опрема (компјутер, проектор, флипчарт и др.) и преку вработен од службата за стручно -технички работи на Академијата, одговорен за конкретна обука, обезбедува логистичка поддршка.

### Модератор
### Член 27

(1) По потреба, за определени обуки се определува модератор.

(2) Модератор е предавачот кој, покрај спроведување обука, модерира со целиот настан.

(3) Модераторот има обврска да ја отвори обуката со кратко воведно излагање по однос на предметната тема, да ги води дискусиите, како и во својство на добар модератор да поттикне интерактивна настава и на крајот од обуката да изведе завршни заклучоци.

(4) За извршената работа модераторот има право на надоместок утврден во Правилникот за надоместоци на Академијата.

### Право на надоместок
### Член 28

(1) Предавачите имаат право на надоместок во зависност од извршената работа, односно реализираните наставни часови и други дејства во рамките на континуираната обука, ангажман по експертски ден и слично, кој поблиску се уредува со Правилникот за надоместоци на Академијата.

(2) Во согласност со утврдениот надоместок за извршена работа од ставот 1 на овој член, директорот, преку овластено лице од него, склучува договор за реализираната работа со предавачот, чијашто форма и содржина ја пропишува Академијата, во кој, покрај предметот на договорот, содржани се и условите за исполнување на договорот.

### Евиденција на предавачите

### Член 29

(1) За секој предавач на Академијата или предавач по потреба, во базата на податоци што Академијата редовно ја ажурира, се евидентира нивната функција, институцијата, професионалниот развој, специјалноста, годините на искуство во односната област, кратка биографија, ниво на познавање на странски јазици, посетени обуки на обучувачи и специјализации дома и во странство, стекнати дипломи и сертификати, како и оценките од евалуациските прашалници и нивното учество во подготовка на научни изданија и трудови.

(2) Податоците во однос на оценките и другите податоци за предавачите се чуваат во согласност со прописите за заштита на личните податоци и деловните политики на Академијата, а се објавуваат само по претходна согласност на предавачот.

### Спреченост за присуство

### Член 30

Во случај на спреченост за присуство на обуката, предавачот треба навремено да ја извести Академијата заради обезбедување на друг предавач и навремено создавање услови за непречено одвивање на обуката.

## IV. ЕВАЛУАЦИЈА

### Член 31

(1) Целта на евалуацијата на обуките од страна на самите учесници на обуката е да се утврди дали обуката ги постигнала целите на учењето и дали ги пресретнала очекувањата на учесниците во поглед на корисноста на предавањата на предавачите и наставните материјали.

(2) За остварување на целите на евалуацијата, на учесниците им се дистрибуираат прашалници, на образец изготвен од Академијата, по завршувањето на обуката.

(3) Целта на оценката на ефикасноста на обуките е да се утврди степенот на наученото на обуките, како и степенот на подобрувањето на знаењата, вештините и однесувањето и примената на стекнатите знаења и на дистрибуираните наставни материјали од обуките, во праксата на решавањето на случаите.

(4) Со оглед на карактерот на обуката, односно циклусот на обуки, предавачите можат да го определат видот и методологијата на проверката, која може да биде во вид на задавање на прашалници и/или тестови од содржината на предавањата и изложените материјали непосредно по завршување на обуката и/или во вид на оценка на степенот на подобрување на знаењата, вештините и однесувањето и примена на наученото во праксата, во одреден временски

период по завршувањето на обуката или циклусот на обуки (три, шест или дванаесет месеци).

(5) Целиот процес на евалуација на обуките Академијата го спроведува во координација и соработка со Судскиот совет на РСМ, Советот на јавните обвинители на РСМ, Врховниот суд на РСМ и Јавното обвинителство на РСМ.

**Користење на податоците од евалуациите**

**Член 32**

(1) Податоците од прашалниците и тестовите за евалуација на обуките од членот 31 на овој Правилник се слеваат во информатичкиот систем на управување со податоците на Академијата и претставуваат основа за подготовка на следните програми за обука и подобрување на квалитетот и ефикасноста на идните обуки.

(2) Податоците од прашалниците се користат за интерните потреби на Академијата, за оценка на предавачите и за креирање на идните програми и каталозите за обука, како и за подобрување на организацијата на обуките и не се предмет на објавување на интернет-страницата на Академијата.

(3) Евалуацијата спроведена од страна на домашни или странски соработници со кои Академијата организира обуки треба да ѝ биде достапна на Академијата за потребите на оцена на обуките и креирање на идните програми за обука.

(4) Начинот на чување на податоците од евалуациите на обуките и на предавачите е во согласност со внатрешните политики и правила на Академијата за користење на информатичкиот систем на управување на податоците, во согласност со членот 29, став 2 од овој Правилник.

## V ОСНОВНИ ПРАВА И ОБВРСКИ НА УЧЕСНИЦИТЕ

**Пријава за учество на обука**

**Член 33**

(1) Пријавите за учество на обуки, судиите и јавните обвинители и другите целни групи ги доставуваат до Академијата преку своите институции, навремено, во рокот определен од Академијата, по е-пошта, пошта или факс.

(2) Откажување од учество на обука судиите и јавните обвинители, како и другите целни групи, го вршат на начин определен во ставот 1 од овој член.

(3) Откажувањето од учество на обука треба да биде навремено и од оправдани причини кои не можеле да се предвидат во времето на пријавувањето за обука и истото може да биде направено лично или преку контакт лицето од институцијата определено за комуникација со Академијата.

(4) Академијата води евиденција за случаите на откажување на учеството во рок во кој не е можно да се пријават нови учесници и за случаите на често и

неоправдано откажување на учеството ги известува претседателите на судовите и јавните обвинители на јавните обвинителства.

(5) За одредени специјализирани обуки, како што се обука на обучувачи, тркалезни маси за посебни целни групи (Врховен суд, Јавно обвинителство, тркалезни маси за усогласување на праксата, Судскиот совет и Советот на јавните обвинители и други), Академијата испраќа посебни покани.

(6) Во случај на организација на специјализирани обуки од базичен или напреден карактер од посебни области, како што се општи и посебни обуки за правото на ЕУ, меѓународното право, ЕКЧП праксата, како и за други обуки, Академијата може да испрати претходни прашалници поради идентификација на нивото на претходното знаење и искуство на учесниците од одделната материја, заради идентификација на целните групи и на специфичните потреби за обука.

(7) Учесниците во Програмата за континуирана обука се пријавуваат за учество на обуките според областите на кои работат и областите кои се предмет на нивен професионален интерес или кои се наменети за целна група на која ѝ припаѓаат и во согласност со обврската за број на денови обука што задолжително треба да ги остварат.

(8) Доколку обуката е наменета истовремено за сите апелациски подрачја, при одредување на составот на учесниците се води сметка за пропорционална застапеност на претставници од сите судови, односно јавни обвинителства, од соодветните апелациски подрачја.

**Права и обврски на учесниците**

**Член 34**

(1) Учесниците на обуките организирани од Академијата имаат право на транспарентна и квалитетна обука, приспособена на актуелните потреби за стручно и професионално извршување на должностите на судиите, обвинителите и другите целни групи.

(2) Заради обезбедување на квалитетна обука, учесниците можат да даваат свои предлози, сугестии, критики, забелешки во евалуционите прашалници и во посебни писмени обраќања до Академијата.

(3) Доколку обуката трае повеќе од еден ден, на учесниците им се засметува како задолжителна обука само доколку непрекинато присуствуваат секој ден од обуката, до нејзиното завршување.

(4) Учесниците имаат обврска:

- навремено да пристигнат на обуката и на истата да присуствуваат непрекинато, а доколку отсуствуваат, навремено да ја известат службата за стручно-технички работи на Академијата за причината за недоаѓање;
- да пополнат прашалник за евалуација и до крајот на обуката да го доставаат до вработен од службата за стручно-технички работи на Академијата, кој е одговорно

лице за конкретната обука или да пополнат прашалник за евалуација преку дадениот линк доставен од Академијата.

**Регистрирање и водење на евиденција за на присуство на обуката**

**Член 35**

Вработен од службата за стручно -технички работи на Академијата, пред почетокот на обуката, како и на крајот на обуката, дистрибуира листа на учесници и предавачи, на која секој со својот потпис го потврдува присуството на обуката.

**Достапност на материјалите за обука**

**Член 36**

(1) Наставните материјали кои ќе бидат користени на обуката, веднаш штом ќе бидат подготвени и доставени од предавачот, се доставуваат до сите пријавени учесници за обуката, а истовремено се поставуваат и на веб-страницата на Академијата.

(2) Во насока на заштеда на хартија и чување на животната средина, за секоја конкретна обука, во договор со предавачот, се одлучува дали и кои материјали ќе бидат доставени на обуката во хартиена форма.

**Учество на обуки во странство**

**Член 37**

(1) Академијата ќе овозможи учество на претставниците на целните групи, претставници на телата и органите на Академијата, како и на предавачи и ментори на обуки во странство.

(2) Обуките од ставот 1 на овој член можат да бидат во вид на учество на семинар, конференција или друга форма на едукација, како и подолги студиски престои или учество во програми за размена со други институции и мрежи за обука.

**Финансирање на обуките во странство**

**Член 38**

(1) Академијата испраќа учесници на обуки и престои во странство, доколку тоа е финансиски обезбедено од странскиот организатор.

(2) Академијата може да учествува во покривање на трошоците од ставот 1 на овој член во целост или делумно, доколку за тоа се обезбедени финансиски средства од буџетот или од донации.

**Начин на определување учесници за обуки во странство**

**Член 39**

Учесниците на обуки во странство се одредуваат водејќи сметка за рамноправно учество на учесници од сите апелациони подрачја, имајќи ја предвид евиденцијата на

Академијата за учество на обуки во странство, со цел да се обезбедат еднакви можности за припадниците на одделните целни групи што ги исполнуваат условите за учество на обуката во согласност со темата, како и солидно познавање на странскиот јазик на кој се спроведува обуката.

**Обврски на учесниците на обуките во странство**

**Член 40**

(1) Учесниците испратени на обука во странство од страна на Академијата ги имаат следните обврски:

- да бидат редовни и активни учесници на обуката;
- да бидат подготвени да ја претстават општата состојба на реформите во правосудството во Република Северна Македонија, својот домен на работење, како и работата и дејноста на Академијата;
- да подготват излагање на определена тема, доколку тоа се бара во поканата за учество на обуката
- по враќањето од обуката во странство да доставaт копии од програмата според која се спровела обуката и наставните материјали (електронски запис, презентации во „Пауерпоинт", литература) и
- да доставaт извештај за престојот во странство, особено за содржината на обуката и релевантните институции кои ги посетиле.

(2)Извештајот од ставот 1 на овој член се чува во информатичкиот систем во делот на управување со податоците.

(3) За обврските од ставот 1 на овој член, учесниците навремено се известуваат пред заминувањето на обуката во странство.

## VI ЕВИДЕНЦИЈА

**Евиденција за учество во Програмата за континуирана обука**

**Член 41**

(1) Академијата води евиденција за деновите поминати на обука за сите судии и јавни обвинители и другите целни групи.

(2) По завршување на секоја календарска година, Академијата им издава на судиите и јавните обвинители, стручните служби во судовите/обвинителствата и на другите целни групи на нивно барање, како и на предавачите и менторите, потврда за бројот на денови задолжителна обука што ги поминале во текот на годината и деновите поминати на предавање, односно менторирање.

(3) Податоците од ставот (2) на овој член, во однос на судиите и јавните обвинители, Академијата ги доставува и до Судскиот совет и до Советот на јавните обвинители на Република Северна Македонија.

(4) При водењето евиденција и издавањето потврди на корисниците на услугите на Академијата за бројот на денови поминати на континуирана обука, ќе се применуваат прописите за заштита на личните податоци.

## Сертификати

## Член 42

(1) За учество на одделни специјализирани обуки или циклус на обуки, Академијата на учесниците им изготвува сертификат за учество, што ќе се изготвува на образец пропишан од Академијата.

(2) Сертификатот го потпишува директорот на Академијата, а доколку обуката се спроведува во соработка со други домашни или странски партнери, сертификатот, покрај директорот, го потпишува и претставник на односниот субјект, доколку така е договорено.

(3) За посетените обуки на обучувачи, Академијата задолжително изготвува сертификат за посетена обука.

## Заштита на податоците

## Член 43

Сите податоци во врска со подготовка, реализација и евалуација на континуираната обука се чуваат во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

## VII ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

## Член 44

(1) Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

(2) Овој правилник се објавува на интернет-страницата на Академијата.

(3) Со стапување во сила на овој Правилник, престанува да важи Правилникот за континуирана обука („Службен весник на Република Македонија“ бр.77/2015 , бр.15/2017 и бр.19/2017).

Академија за судии и јавни обвинители
„Павел Шатев“, Скопје
Претседател на Управен одбор,
Судија Беким Мехмеди